Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје
Примено: 12.09.2025
263/1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ *ЦРКОВНО ПЕЕЊЕ* *НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ*

Врз основа на конкурсот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Вечер“, бр. 18828 од 19 јуни 2025 година, за избор на асистент во наставно-научната област Црковно пеење, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот, бр. 196/1, 02.07.2025 година, донесена на 6.редовната седница на ННС од 23.06.2025 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: д-р Дејан Борисов, редовен професор, д-р Георгиј Ѓорѓевски, редовен професор, и д-р Дарко Анев, доцент на Православниот богословски факултет.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор за избор на асистент во наставно-научната област Црковно пеење во предвидениот рок се пријави м-р Александар Димитријов.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Александар Димитријов е роден на 07 јуни 1983 година во Скопје. Средно образование завршил во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во с.Драчево, Скопје во 2003 година.

Со високо образование се стекнал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје (Дипломирал во 2013, прв пат и 2022 година, втор пат).

Од 2003 до 2012 година кандидатот работи како протопсалт при Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, а од 2012 година до денес е протоѓакон при истиот храм.

Во академската 2010/2011 година Александар Димитријов бил ангажиран како демонстратор по предметот *Црковно пеење* на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје. Како демонстратор по предметите *Црковно пеење I*, *Црковно пеење II* и Типик, м-р Александар Димитријов е ангажиран на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје и во академските 2023/2024 и 2024/2025 година. Во истиов период тој го води и хорот на Факултетот.

Кандидатот го продолжил своето образование запишувајќи Втор циклус (магистерски) студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Софија, Бугарија, на Катедрата по литургика и пеење. Студиите ги завршил со одбрана на магистерскиот труд: „Црковното пеење на Балканот“ и просечна оценка 10.00 во 2020 година и се стекнал со научен степен *магистер по теологија*.

По магистрирањето, кандидатот м-р Александар Димитријов го продолжил своето високо образование запишувајќи Трет циклус студии на истата катедра. Темата на неговата докторска теза, е: „Особености на Служебникот во словенската богослужба пракса. Литургиска анализа“.

Кандидатот активно се служи со англиски и бугарски јазик.

Кандидатот е протоѓакон.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до денот на пријавата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност, во академската 2010/2011 година Александар Димитријов е ангажиран како демонстратор по предметот *Црковно пеење* на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје; како демонстратор по предметите *Црковно пеење I* и *Црковно пеење II* и Типик, м-р Александар Димитријов е ангажиран на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје и во академските 2023/2024 и 2024/2025 година.

Во 2023, 2024 и 2025 година го води и хорот на Факултетот.

**<u>Научно-истражувачка дејност</u>**

М-р Александар Димитријов има објавено повеќе статии од областа на црковното пеење:

- „Цъковното пеене в Блгария от навлизането на християнството до установяването на Харисанотово-хурмузиевата реформа“, Гл. редактор доц. д-р

Ивелина Николова, Научен сборник *Мисъл, слово, текст*, Том 2 (8), Пловдивско унивеситетско издателство „Паисий Хилaндарски“, Нова серия, 2021, ISSN2815-1816;

- „Някои литургични характеристики на цъковното пеење в контекста на молитвената практика на църквата“, Гл. редактор доц. д-р Ивелина Николова, Научен сборник *Мисъл, слово, текст*, Том 3 (9), Пловдивско унивеситетско издателство „Паисий Хилaндарски“, Нова серия, 2021, ISSN2815-1816;

- „Литургијата – примарна служба на свештеникот“, *Весник,* Службен лист на Македонската православна црква, Број 5, Година LXIII, Скопје 2021.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Александар Димитријов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Александар Димитријов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област *Црковно пеење*.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, м-р Александар Димитријов да биде избран во звањето асистент во научната област Црковно пеење.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Дејан Борисов**
2. **Проф. д-р Георгиј Ѓорѓевски**
3. **Доц. д-р Дарко Анев**